Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Министерството за правда одлучувајќи по Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер УП1 бр.19-2117/2023 доставено од страна на Институт за комуникациски студии (ИКС) /Само прашај со адреса на ул.Јуриј Гаргарин бр. 17/11 Скопје, преку застапникот Соња Трајковска од Скопје со адреса на ул.Јуриј Гаргарин бр. 17/11 Скопје, а во согласност со чл. 97 ст.1 од Законот за управна постапка (Службен весник бр. 124/15) го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

## За исправка на решение УП1 бр.19-2117/2023 од 25.09.2023 година

1.Се врши исправка на решението УП1 бр.19-2117/2023 од 25.09.2023 година согласно барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер и гласи :

Во врска со вашето барање ,Министерството за правда Ве известува дека претходно дадените имиња/ членови на работна група согласно Решението бр.21-512/11 од 15.12.2020 година се членови за изготвување на новиот Кривичен законик и работат на тоа уште од 2020 година, а истите не учествуваа во последните измени на Кривичниот законик.

2. Ова решение има правно дејство од денот од кој има правно дејство актот на кој се врши исправката.

## Образложение

Институт за комуникациски студии (ИКС)/ Само прашај со адреса на ул.Јуриј Гаргарин бр. 17/11 Скопје, преку застапникот Соња Трајковска од Скопје со адреса на ул.Јуриј Гаргарин бр. 17/11 Скопје достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со кое беа побарани следниве информации од јавен карактер:


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Кои се членовите/експертите на Работната група која ги подготви измените на Кривичниот законик кои беа донесени со европско знаменце?

Министерството за правда Ве известува дека соглано чл.97 ст.1 од Законот за управна постапка (Службен весник бр. 124/15) каде е пропишано дека јавниот орган што го издал управниот акт може во секое време да ги исправи грешките во имињата или броевите, пишувањето или сметањето, како и други очигледни неточности во управниот акт или во неговите заверени преписи се менува решението УП1 бр.2117/2023 од 25.09.2023 година и Ве известува дека во врска со вашето барање за да ви се достави информација кои се членовите/експертите на Работната група која ги подготви измените на Кривичниот законик кои беа донесени со европско знаменце, Министерството за правда ве известува дека дека претходно дадените имиња/ членови на работна група согласно Решението бр.21-512/11 од 15.12.2020 година се членови за изготвување на новиот Кривичен законик и работат на тоа уште од 2020 година, а истите не учествуваа во последните измени на Кривичниот законик.

Согласно чл.97 ст. 2 и 3 од Законот за управна постапка (Службен весник бр. 124/15) ова решение од денешен датум има правно дејство од денот кога е донесено и како такво се доставува до странките на кои е испратено првичното решение.

Со почит,

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
Викторија Аврамовска Мадиќ

Подготвил: Марина Пуреовска Цветковски, виш соработник
УП1 бр. 19-2117/2-2023
27.09.2023 год.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification